„Аллаху мој, кај Тебе барам прибежиште од немоќ, мрзеливост, кукавичлак, скржавост, старечка изнемоштеност и од казната во гробот. Аллаху мој, подари ѝ на мојата душа богобојазливост и очисти ја; Ти си најдобриот што ја чисти, Ти си нејзин Заштитник и Покровител. Аллаху мој, кај Тебе барам прибежиште од знаење што не користи, од срце што не е исполнето со стравопочит, од душа што не се наситува и од дова што не се прима.“

Зејд бин Еркам, Аллах нека е задоволен со него, рекол: Нема да ви кажам ништо освен она што го говореше Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем. Тој велеше во својата дова: „Аллаху мој, кај Тебе барам прибежиште од немоќ, мрзеливост, кукавичлак, скржавост, старечка изнемоштеност и од казната во гробот. Аллаху мој, подари ѝ на мојата душа богобојазливост и очисти ја; Ти си најдобриот што ја чисти, Ти си нејзин Заштитник и Покровител. Аллаху мој, кај Тебе барам прибежиште од знаење што не користи, од срце што не е исполнето со стравопочит, од душа што не се наситува и од дова што не се прима.“

[صحيح] [رواه مسلم]

„Аллаху мој, кај Тебе барам прибежиште“ – кон Тебе се засолнувам – „од немоќ“ – кога човек нема способност да најде корисно решение, „и од мрзеливост“ – кога нема волја за дејствување; немоќниот не може, а мрзливиот не сака, „и од кукавичлак“ – од воздржување да се пристапи кон она што треба да се направи, „и од скржавост“ – од задржување на она што е обврска да се даде, „и од старечка изнемоштеност“ – од старост што го ослабува телото, „и од казната во гробот“ – и од причините што водат кон неа. „Аллаху мој, подари ѝ на мојата душа“ – дарувај ѝ и упати ја кон – „богобојазливост“ – да извршува покорност и да се воздржува од грев, „и очисти ја“ – исчисти ја од пороците и ниските особини, „Ти си најдобриот што ја чисти“ – никој не може да ја очисти освен Ти, „Ти си нејзиниот Заштитник“ – нејзин помошник и оној што се грижи за неа, „и нејзиниот Покровител“ – оној што управува со нејзините работи, нејзин Господар, Сопственик и Дарител на благодати. „Аллаху мој, кај Тебе барам прибежиште од знаење што не користи“ – како знаење за ѕвездите, гатање, маѓија или знаење што не користи на Ахиретот, или знаење според кое човек не постапува, „од срце што не е исполнето со стравопочит“ – не ти се покорува, не се предава и не наоѓа

смиреност и спокојство во Твоето спомнување, „од душа што никогаш не се наситува“ – не се задоволува со тоа што ѝ го дал Аллах од дозволена и чиста храна и имот, „и од дова“ – која е одбиена – „што не се прима“.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5878